РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-898/2

17-06-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 6-та седница одржано на 12.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-898/1 од 27.02.2024 година, со наводи против основен јавен обвинител во Осноното јавно обвинителство Гостивар, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Предметната пријава да се достави на надлежно постапување на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-898/1 од 27.02.2024 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител на ден 12.04.2023 година, поднесена е пријава против ----------------, основен јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Гостивар, при што ДКСК оформи предмет број 12-898/1 од 27.02.2024 година.

Во доставената анонимна пријава, изнесени се наводи против истакнатото лице со сомнение за можна злоупотреба на службената положба и други наводи за недолично однесување и незаконски дејствија. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување од

причина што по пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува, поради што предметната пријава ќе ја достави на надлежност на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: П.Б,советник
Контролирал: Ј.Ц, раководител
Одобрил: Б.К.Ш., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk